**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203 – 185/6**
**Скопје, 22.06. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Василево за 2008 година, кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Органот на општина Василево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Славе Христов, градоначалник на општина Василево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 9 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 12.03. до 20.03.2009 и од 01.04. до 03.04.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

10.1.1. Процес на плаќања

При оценка на процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли, поради што постои ризик дел од плаќањата да не се извршени врз основа на комплетна, ликвидирана и навремено евидентирана документација, потврдена од одговорни лица.

Причините за овие ризици се следните:

- отсуство на пишани процедури за набавка на стоки и услуги од моментот на утврдување на потребата од набавка до моментот на плаќање, со определување на одговорни лица во секоја фаза од трансакцијата, за видот на документацијата и нејзиното движење со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- невоспоставени контролни постапки за следење на договорите за спроведени постапки за јавни набавки;
- не се врши ликвидирање на документацијата од аспект на логичка и математичка контрола;
- непостоење упатство за благајничко работење;

Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна и веродостојна и не е потврдена од одговорен сметководител создава можности за ненаменско и незаконско користење на буџетските средства на Општината.

**Препорака**:
Градоначалникот да преземе активности согласно законските прописи:

- за изготвување и донесување пишани процедури со дефинирање на постапката за набавка на стоки и услуги, движењето на документацијата и разграничување на одговорностите на одделни вработени во постапката.
- да донесе акт за благајничко работење.

- да одреди лице (ликвидатор) кое ќе врши уредно ликвидирање на документите и ќе гарантира дека истите вистинито и реално ги прикажуваат сметководствените промени и трансакции;

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Градоначалникот на општина Василево во текот на 2008 година има донесено поединечни акти - решенија за распоредување на државните службеници согласно измените во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Василево од 2008 година. При тоа, девет лица се распоредени во повисоки звања без спроведена постапка, што не е во согласност со Законот за државни службеници.
Неспроведувањето постапка утврдена со Законот преку Агенцијата за државни службеници, придонесува за нетранспарентност при пополнувањето на слободните работни места во општинската администрација.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината, пополнувањето на слободните работни места во општинската администрација да го врши преку оглас за вработување согласно процедурите предвидени во Законот за државни службеници.

10.2.2. Меѓусебните односи на Јавното претпријатие “Турија“ и Општина Василево како негов основач, во реализацијата на годишните програми на Општината во делот кој се однесува на комуналните дејности, не се регулирани. Преземените обврски во однос на извршување на работите од сферата на комуналните дејности и нивното финансирање не се конкретизирани.
Општината нема изготвено и донесено процедури, односно со јавното претпријатие нема склучено договори за дефинирање на:

- начинот на кој ќе се врши ангажирање на јавното претпријатие (пишани налози за работа, односно барања за извршување на одредени работи потпишани од одговорни лица во Општината),
- документи кои треба да се достават од јавното претпријатие (освен фактури) кои обезбедуваат доволно докази за извршениот обем на работите (интерни налози за работа од јавните претпријатија, предмер-пресметки на активностите),
- начинот на вршење надзор заради утврдување/потврда на реалниот обем на работите (овластување на лица во Општината кои ќе го потврдат обемот на работа),
- однапред утврдени цени за извршените работи.

Јавното претпријатие “Турија“ има усвоена Програма за работа и развој за 2008 година, за која Советот на Општината има дадено согласност во февруари 2008 година. Со Програмата се утврдени приходи во износ од 1,500 илјади денари што Општината треба да ги обезбеди од нејзиниот буџет како надомест за извршените работи од страна на јавното претпријатие и дополнително со Програмата за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2008 година за кое исто така, е овластено јавното претпријатие, од буџетот се планирани уште 800 илјади денари. Во 2008 година на јавното претпријатие вкупно се платени 2,846 илјади денари.
Со увид во извршените плаќања на ЈП „Турија“ е утврдено дека:

- На Јавното претпријатие за зимско одржување се платени 300 илјади денари колку што се планирани во буџетот, наспроти планираните средства со годишната програма на ЈП „Турија“ од 200 илјади денари. Нема спецификација за извршени работи, ниту утврдени цени за одделни услуги;

- Со ЈП "Турија" во однос на тековното одржување на земјени улици во населените места за што се платени 507 илјади денари не е склучен договор со кои се уредуваат обврските, правата и одговорностите на двете страни, како ни оперативни планови и програми.
- На јавното претпријатие се исплатени субвенции во износ од 1,300 илјади денари, при што ниту во програмата на јавното претпријатие, ниту во актите на Општината не е утврдено за што се однесуваат овие плаќања.
- Во 2008 година одржувањето на уличното осветлување го врши ЈП Турија за што се платени 399 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка. Советот на општина Василево има донесено Одлука со која го овластува ЈП"Турија" - Василево, да се грижи за одржувањето и реконструкцијата на јавното осветлување. Со ЈП "Турија" не е склучен договор за регулирање на меѓусебните односи и утврдување на цените. Утврдено е дека дел од цените фактурирани од страна на јавното претпријатие се повисоки од цените на претходниот добавувач кој го одржувал јавното осветлување. Дел од фактурите за улично осветлување не се потврдени од лице од општината.

Недефинираниот начин на работа, помеѓу Општината и јавното претпријатие, особено од аспект на обемот на извршените работи за кои Општината треба да плати, цените на извршените услуги, како и непостоењето на оперативни програми, има влијание на реалноста на направените трошоци и финансиските извештаи.

**Препорака:**
- внатрешниот ревизор на Општината да изврши проценка на ризиците кои произлегуваат од работењето на јавното претпријатие во услови кога нема утврдено конкретни планови, програми, проекти, пишани процедури за меѓусебна соработка.
- раководителот на Одделението за комунални работи да изготви пишани процедури за регулирање на односите со јавното претпријатие темелени на важечката законска регулатива и склучени договори.
- за изградба, реконструкција и одржување на објекти на комунална инфраструктура да се спроведуваат постапки за јавна набавка.
- Градоначалникот да воспостави пракса за склучување на годишни договори за соработка со јавното претпријатие и конкретно дефинирање на активностите кои ќе се финансираат од Буџетот на општината, како и цените на извршените услуги.
- Да се изготви програма за доделување на средствата за субвенции, односно да се конкретизира за што се вршат овие плаќања.

10.2.3. Средствата трансферирани на здруженија на граѓани во износ од 75 илјади денари се доделени без распишан оглас, само по доставени поединечни барања, без утврдени услови и критериуми за нивно доделување.
Не се бара годишна програма на барателите, како и повратно известување дека активноста, односно манифестацијата за која се доделени средства е спроведена, што не е во согласност со одредбите од Законот за здруженијата на граѓани и фондации.
Непостоењето на акт со утврдени критериуми за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на Општина Василево да донесе акт за распределба на овие средства со утврдени приоритети во финансирањето, постапка на доделување, критериуми, потребна документација, како и извештај за користење на средства.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

10.2.4. Од средствата на буџетот на општина Василево се исплатени 477 илјади денари на Фудбалскиот клуб „Василево“ без соодветна програма од областа за развој и афирмирање на спортот, поддршка на спортски сојузи и организирање на спортски манифестации. Финансирањето на фудбалски клуб не е активност на општината предвидена во надлежностите на локалната самоуправа и претставува ненаменско користење на средствата кои претставуваат јавни расходи.

**Препорака:**
Средствата кои општина Василево ги планира и реализира за афирмирање и развој на спортот да бидат врз основа на соодветна програма.

10.2.5. Преку позицијата други трансфери исплатени се средства во износ од 62 илјади денари како помош на социјално загрозени семејства. Исплатата на средствата не се темели на акт со утврдени критериуми во однос на видот на помошта (во кои случаи и за какви намени се доделуваат средствата), висината на доделената помош и обезбедено стручно мислење за реалноста на барањето.
Општина Василево нема донесено Програма за активностите во областа на социјалната заштита за 2008 година .
Средствата за еднократна финансиска помош ги доделува комисија при Советот на општината. Работењето на комисијата без интерен акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита не е во согласност со одредбите на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита, создава можност за субјективност при доделување средства, нееднаков третман на лицата кои поднеле барање, нетранспарентно и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на општина Василево да донесе развојни програми од областа на социјалната заштита и акт со дефинирани критериуми за доделување средства, со што ќе се обезбеди наменско користење на средствата за социјалната заштита.

10.2.6. Општина Василево нема акт со кој се регулира начинот на користење на службените возила. Во текот на 2008 година за гориво за возилата на Општината се потрошени 636 илјади денари. Користењето на службените возила не е потврдено со патни налози за секое возило, трошокот за гориво не се базира на налози за патување и не се води евиденција за трошокот за гориво по возило.
Невоспоставената документација (патни налози по возила), создава можност за ненаменско користење на возилата и зголемување на трошоците на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да донесе интерен акт за регулирање на начинот на користење на службените возила.

10.2.7. Општина Василево нема акт за регулирање на правото на користење на угостителски услуги (официјални посети на домашни и странски гости, работни средби), што придонесува за зголемени расходи и нетранспарентно трошење на средствата.
Направени се трошоци за репрезентација во износ од 219 илјади денари за угостителски услуги. Кон фактурите нема прилог спецификации како потврда за извршената услуга а кон дел од нив нема опис на поводот.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт со кој јасно ќе биде утврдено кој има право на репрезентација, висината на репрезентацијата, случаите во кои актот ќе се применува и документацијата што треба да се приложи како поткрепа на направените трошоци.

10.2.8. Од увидот во градежната документација, ревизијата констатира дека општина Василево за завршени објекти во вкупен износ од 1,593 илјади денари, ги нема обезбедено потребните документи пропишани со Законот за градење (не се изготвени записници за прием и нема издадени одобренија за употреба):

- изградба на локален пат Чанаклија - Герчелија и улици во Пиперево и Радичево во 2007 година.
- реконструкција и асфалтирање на спортски терен за мал фудбал,

Непочитувањето на Законот за градење во смисла на необезбедена пропишана документација создава ризик од намалена транспарентност во работењето на општинската администрација и плаќање за незавршени работи.

**Препорака:**
Одделението за комунални работи и уредување на градежноземјиште да ги обезбедува сите потребни документи пропишани со Законот за градење.

### 10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.3.1. Извршениот попис на материјалните средства со состојба на 31.12.2008 година не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници:

- во пописните листи освен бројната состојба на канцеларискиот мебел, опремата и ситниот инвентар во употреба, наведена е вредноста на дел од нив;
- некомплетна материјална евиденција на основните средства;
- не е извршено усогласување на состојбата на материјалните средства утврдена со пописот со нивната вредност евидентирана во сметководството, така што не се утврдени кусоци или вишоци;
- опремата не е одбележана со инвентарни броеви;
- не е извршен попис на побарувањата и обврските;
- за спроведениот попис, пописната комисија нема изготвено извештај;
- не е воспоставена евиденција на ситниот инвентар во употреба и мобилните телефони кои се дадени на користење на советниците и вработените.

Неизвршувањето на пописот во согласност со законската регулатива придонесува за нецелосно евидентирање на материјалните средства, тековните средства и обврски и нереално искажување на билансните позиции.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да иницира изготвување акт за извршување на пописот во кој ќе се утврди начинот, постапките и роковите за извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на расходите

10.4.1. Плаќањата за набавени материјали, стоки, извршени услуги и работи не се поткрепени со целосна и веродостојна документација. Евидентирањето на плаќањата во деловните книги без да се засновани врз веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи е резултат на невоспоставени контроли во процесот на плаќање, односно плаќање по документи кои не обезбедуваат доволно докази за потврда на настанот. Немање на вердостојна документација како потврда за извршените набавки и услуги создава можност за нетранспарентно и ненаменско трошење на средствата на општината:

- извршена е набавка на градежен материјал (цевки, цемент, профили) во вредност од 201 илјади денари за кои во Општината нема документ дали приемот е извршен и каде се вградени материјалите, што создава можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата од буџетот на Општината.
- фактурите за храна и пијалоци не се поткрепени со испратници, нема доказ кој ја подигнал стоката (платено вкупно 180 илјади денари);
- за извршените услуги - сервисирање на возилата се платени 88 илјади денари. Испратниците не се потпишани од лице во Општината и не е наведена регистрацијата на возилото, не се знае за кое возило е направениот трошок;
- изведени се работи поправка на електрична инсталација. Кон фактурите има работен налог кој не е потпишан од корисникот на услугата. Во две фактури (28 илјади денари) има ист опис: замена на разводна табла во училиштето “Гоце Делчев“ во Василево, за што ревизијата не доби објаснување.

**Препорака:**
За сите набавени материјали да се обезбеди целосна документација, особено за нивното користење.

### 10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.5.1. Сегашната вредност на материјалните средства е нереално искажана во Билансот на состојбата поради следното:
- не постои усогласување на податоците во евиденцијата на материјалните средства со состојбите од финансиската евиденција, бидејќи со пописот е утврдена опрема која не е вклучена во материјалната евиденција, а е сметководствено евидентирана;
- не е пресметана амортизација за 2008 година.

Необезбедување на релевантни податоци за вредноста на материјалните средства придонесува за погрешено проценување на нивната вредност, а со тоа и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
- лицата задолжени за сметководствени работи да извршат усогласување на податоците во материјалната евиденција со состојбата утврдена со пописот и сметководствената евиденција;
- да се пресмета амортизација за 2008 година.

### 10.6. Неправилна примена на Законот за јавни набавки

10.6.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:
- извршено е авансно плаќање за реконструкција и асфалтирање на спортски терен за мал фудбал во поголем износ од законски дозволениот лимит. Плаќањата во износ од 445 илјади денари извршени во мај и јуни за работи завршени во август претставуваат 82% од вредноста на ситуацијата, наспроти законскиот лимит за авансно плаќање од 20%.

10.6.2. Во одредени случаи, општина Василево не ги почитува одредбите на склучените договори по спроведените јавни набавки за извршување градежни работи во однос на рокот на извршување на работите и на плаќање за што избраниот понудувач има добиено повеќе бодови од понеповолните добавувачи:
- изградбата, реконструкција и санација на јавни површини во Општина Василево започната во јули 2008 година сеуште трае, а понудениот рок на изведба е четири

дена. Плаќањето на дел од работите е извршено по доставување на ситуациите, согласно договорот рокот на плаќањето е 500 дена. Изведувачот има понудена најниска цена, меѓутоа, вреднување на рок на изведба и рок на плаќање кои се нереални влијаат на избор на најповолен добавувач.

Плаќањата кои не се во согласност со условите во договорите ги поставува во нерамноправна положба останатите добавувачи чии обврски не се платени во договорениот рок и значат непочитување на Законот за јавни набавки во однос на примената на утврдените критериуми кои влијаат на изборот на најповолен добавувач.

10.6.3. Не се врши споредба помеѓу цените во фактурите и договорите/понудите по кои се извршени јавни набавки (канцелариски материјали, средства за хигиена, прехрамбени продукти и пијалоци). Дел од артиклите се фактурирани по пониски, дел по повисоки цени, а е вршена и набавка на артикли кои ги нема во договорот.

10.6.4. Од избраните понудувачи (канцелариски материјали, средства за хигиена, прехранбени продукти и пијалоци) набавувана е стока во периодот пред склучување на договорот по спроведената јавна набавка, што укажува на формално спроведување на набавката.

10.6.5. Извршени се набавки без спроведена постапка во износ од 1,620 илјади денари. (Прилог бр.1).

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да воспостави процедури и постапки кои ќе обезбедат доследна примена на одредбите од договорите склучени со најповолните добавувачи, односно да не дозволи плаќања кои не се во согласност со договорените услови;
За сите случаи предвидени во Законот да се спроведуваат постапки за јавни набавки.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.5., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Василево под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.2., 10.4. и 10.6. во Општина Василево не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. Врз основа на презентираните податоци од Одделение за нормативно - правни работи и јавни дејности на општина Василево, ревизијата утврди дека во тек се неколку судски спорови, од кои еден спор е по основ на неплатени обврски од минатите години со вредност од 1,219 илјади денари. Ефектуирање на овој спор во полза на доверителот може да предизвика негативни ефекти врз финансиското работење и одлив на средства од Буџетот на Општината во наредните години.

14. Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата по следните основи:

- зголемување на Побарувањата за 55 илјади денари за повеќе направени трошоци за користење на службени мобилни телефони во однос на утврдениот лимит;
- намалување на ставката Активни временски разграничувања во износ од 4,375 илјади денари поради усогласување на Краткорочните обврските и Пасивните

временски разграничувања;

- намалување на Материјалните средства и Извори на средствата во износ од 42,191 илјади денари за евидентираните градежни објекти и опрема на основното училиште и јавното претпријатие.
- зголемување на Материјалните средства во подготовка во износ од 290 илјади денари поради ненавремено прокнижување на инвестиции за изградба на улици од 2007 година;
- зголемување на Краткорочните обврски во износ од 329 илјади денари за неисплатените надоместоци кон советниците за одржани седници во 2008 година;
- зголемување на вонбилансните активни и пасивни сметки во износ од 313 илјади денари за Обврски кои се застарени, а за кои Советот нема донесено одлука за отпис.

Скопје, 18.06.2009 Овластен државен ревизор

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 25,190 | 18,887 |
| **Вкупно приходи** | | **25,190** | **18,887** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 7,797 | 6,208 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 7,490 | 6,532 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 2,296 | 577 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 47 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **17,583** | **13,364** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 7,607 | 5,523 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,607** | **5,523** |
| **Вкупно расходи** | | **25,190** | **18,887** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 55 | 26 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 9,034 | 8,994 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9,089** | **9,020** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 253,345 | 292,739 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 6,691 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **260,036** | **292,739** |
| **Вкупна актива** | | **269,125** | **301,759** |
| **Вонбилансна актива** | 4.5 | **313** | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 8,516 | 4,598 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 544 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 6,720 | 31 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **15,780** | **4,629** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **4,391** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 253,345 | 292,739 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **253,345** | **292,739** |
| **Вкупна пасива** | | **269,125** | **301,759** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.5. | **313** | |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **292,739** |
| **Зголемување по основ на:** | **(39,394)** |
| Набавки | 2,797 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | |
| Корекции по укажување на ревизија | (42,191) |
| Расходување | |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **253,345** |